**Инфо билтен – февруари 2025 година**

Просумери

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Ековита од Неготино е нов подгрантист на Еко-свест. Организацијата ќе работи на заштита на биодиверзитетот и еколошката рамнотежа во Тиквешкиот регион на Македонија преку контрола на инвазивниот вид Сребрена ноќница (Solanum elaeagnifolium), кој претставува сериозна закана за овој регион. Повеќе за проектот.

Еко-свест имаше свој претставник на првиот состанок со Министерот за животна средина и просторно планирање и граѓанските организации кои работат во секторите животна средина и клима каде се зборуваше за приоритетите на министертвото во наредниот период, како и наоѓање соодветен механизам за обезбедување соработка и размена на информации помеѓу министерството и граѓанските организации.

Ни беше чест да бидеме дел од Регионалната конференција за млади „Заедно водиме: Младите се сила на Балканот" каде бевме дел од работилницата „Немаме план(ета) Б: Младите како лидери во борбата за климатска правда" и имавме можност да зборуваме со младите за тоа што значи Зелена агенда и климатска акција. Повеќе тука.

Доколку како граѓани или граѓански организации имате потреба за помош при добивање информации или составување на барања до официјални лица и институции од областа на животната средина, побарајте правна поддршка од Еко-свест со пополнување на овој едноставен формулар.

Ако ви требаат конкретни и практични информации за различни прашања поврзани со правната регулатива и можностите кои им стојат на располагање на организациите и граѓаните за остварување на нивните права, пристап до информации и до правда и учество на јавноста, прегледајте ги овие корисни видеа.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Доколку вашата организација или институција има објавено документи и публикации поврзани со климатските промени и сродни теми во изминатите 5 години (од 2019 година наваму) и истите се јавно достапни, публикувани и објавени онлајн, ве молиме да ги споделите преку оваа кратка анкета.

**Енергија**

Почнете да произведувате чиста и бесплатна енергија за вашиот дом! Соларното просумерство ви овозможува да ги намалите трошоците за електрична енергија и да придонесете за одржливи практики. Како до фотоволтаична електрана за вашиот дом? Дознајте повеќе на порталот за македонското просумерство, prosumeri.mk.

Еко-свест учествуваше на надзорната расправа за аерозагадувањето во Собранието каде потсетивме дека аерозагадувањето и климатските промени имаат заеднички непријател – фосилните горива. Апелиравме земјата да ја забрза енергетската транзиција. Прочитајте повеќе.

Дознајте што значи и зошто е потребен Фонд за енергерска ефикасност. Видео од 6 минути.

Двете сезони од серијалот за клима и енергија се овде. Искористете го првиот слободен викенд и изгледајте ги сите десет кратки епизоди во еден здив.

Дознајте повеќе зошто фосилниот гас претставува ќор-сокак на патот кон енеретската трансформација на Македонија и не треба да биде преодно гориво кое наместо да помогне, ќе ја зароби државата на секое можно поле, на www.toxic.mk.

**Заштита на природа**

Еко-мапа е алатка за мапирање на податоци поврзани со животната средина. Главната цел на мапата е мапирање на сите еко-проблеми и позитивни практики за справување со климатските промени на мапа на Македонија и нивниот соодност со сет други административни, ортофото, топографски и тематски мапи, како и мапи за заштитени подрачја во Македонија. Како дел од Еко-мапа е развиен модул за пријавување еколошки проблеми и за истиот има мобилна апликација на Android PlayStore.

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Еко-свест Вевчани**

Еко-свест Вевчани во соработка со Екотуризам Охрид одржа едукативна работилница со учениците од ООУ „Страшо Пинџур“ – Вевчани, посветена на природните вредности на Белчишко Блато. Работилницата се одржа под наслов „Белчишко Блато – едно од најзначајните и најзачуваните блата во Македонија“.

Како дел од Прекуграничниот проект за заштита на кафеавата мечка спроведуван од Еуронатур, ППНЕА, Калисто, МЕД и Еко-свест, во Националниот Парк Пелистер се одржа теоретски и теренски тренинг за Интервентниот тим за крупни месојади.

Прочитајте го интервјуто на Еко-свест Вевчани за трн.мк каде зборуваме зошто е исклучително важно прогласување на Јабланица за национален парк.

Погледнете и видео за питомиот костен како природно богатство на Споменикот на природата Вевчански извори.

**Публикаци**

Визија за развој на Битола (Еко-свест, 2024)

Извештај во сенка за 2023 година – збир на заклучоци и препораки во седум клучни потпоглавја од Поглавјето 27

Извештај од спроведено Истражувањето на здравствената состојба на питомиот костен во Споменикот на природа Вевчански Извори, со фокус на последиците од болеста „рак по костенот“ предизвикана од габичката Cryphonectria parasitica.

**Медиуми**

Известувачот за Македонија во Европскиот парламент, Томас Вајц, во посета на НП „Маврово“ (МКД)

Ветерот и камионите носат нови „освојувачи“ на екосистемите во Македонија (Плусинфо)

Еко-свест учествуваше на надзорната расправа за аерозагадувањето во Собранието на Македонија (Бизнис вести)

Тимот Еко-макс победници на Климатон 2025 (Тера ТВ)

Изгубен е дел од најстарата моликова шума на Пелистер (Сакам да кажам)

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.